РЖ ИНТЕР-ТРАНСШПЕД
друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција,
автошкола угостителство и туризам Акционерско Друштво

Бр.0201-71
19.05. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 385 и 387 од Законот за трговските друштва и членовите 22 и 23 од Статутот на РЖ ИНТЕР-ТРАНСШПЕД а.д. Скопје, Одборот на директори на друштвото, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

***За учество на годишно Собрание на друштвото***

Седницата на Собранието на акционењри на РЖ Интер-Трансшпед друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје ќе се одржи на ден 30.06.2023 година (петок), во седиштето на друштвото со почеток во 12.оо часот.

За седницата на Собранието е утврден следниот

## Дневен ред

**I. Процедурален дел**

- Утврдување на кворум за работа
- Избор на Претседавач на Собранието;
- Избор на бројач на гласови;
- Записникот ќе го води Нотар;

**II. Работен дел**

1. Усвојување на Записник од претходната седница на вонредното Собрание одржана на **28.02.2023** година.
2. Разгледување и донесување Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај за работата на акционерското друштво и извештајот на овластениот Ревизор за деловната 2022 година.
3. Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори во 2022.
4. Донесување на Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2022 година.

Во работата на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување.

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот претставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата на Годишното собрание.

Акционерите кои ќе овластат полномошник на седницата на Собранието на друштвото со давање полномошно во писмена форма се без обврска да го заверат полномошното на Нотар и треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик, секој работен ден во просториите на друштвото, што се наоѓаат на ул.16-та Македонска бригада бр.18.

Официјалната интернет страница на друштвото е **info@intertranssped.com.mk.**

**РЖ ИНТЕР-ТРАНСШПЕД АД Скопје**

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Борис Ангеловски**